Врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеји 4 и 10, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14), согласно Заклучокот бр.02-3739/3 од 17.07.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 3-та седница одржана на 17.07.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобрува предложениот ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2014-та година, со цел обезбедување на средства за исплата на:
   - месечен надоместок на членовите на Советот на Агенцијата,
   - исплата на други надоместоци и
   - надоместок за патни трошоци за членовите на Советот кои живеат надвор од градот Скопје, кога присуствуваат на седници на Советот на Агенцијата.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Со цел обезбедување на средства за исплата на месечниот надоместок на членовите на Советот на Агенцијата, исплата на другите надоместоци и надоместокот за патни трошоци за членовите на Советот кои живеат надвор од градот Скопје, кога присуствуваат на седници на Советот на Агенцијата, се јави потреба за да се изработи ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со ребалансот на Финансискиот план за 2014-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 198.994.898,00 денари. Со тоа се обезбедуваат потребните средства во износ од 4.150.767,00 денари за исплата на месечен надомест на членовите на Советот на Агенцијата, 550.000,00 денари за исплата на други надоместоци, како и 923.000,00 денари за исплата на надомест за патни трошоци за членовите на Советот кои живеат надвор од градот Скопје кога присуствуваат на седници на Советот.

Ребалансот се врши на следните ставки во усвоениот Финансиски план за 2014 година и тоа: ќе се намали групната ставка 460 Вкалкулирани плати за 7.141.713,00 денари и наместо досегашниот износ од 44.197.248,00 денари истиот ќе изнесува 37.055.535,00 денари; позицијата 460000 Нето плати и надомести на плати, ќе се намали за 4.885.305,00 денари и наместо досегашниот износ од 29.700.000,00 денари, ќе изнесува 24.814.695,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за нето плати и надомести на плати; позицијата 460200 Персонален данок на плати и надомест на плати, ќе се намали за 491.409,00 денари и наместо досегашниот износ од 2.727.232,00 денари, ќе изнесува 2.235.823,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за персонален данок на плати и надомест на плати; позицијата 460300 Придонес за пензиско и инвалидско осигурување, ќе се намали за 1.123.971,00 денари и наместо досегашниот износ од 7.793.972,00 денари, ќе изнесува 6.670.001,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за придонес за пензиско и инвалидско осигурување; позицијата 460310 Придонес за вработување, ќе се намали за 58.891,00 денари и наместо досегашниот износ од 503.562,00 денари, ќе изнесува 444.671,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за придонес за вработување; позицијата 460320 Придонес за здравствено осигурување, ќе се намали за 536.687,00 денари и наместо досегашниот износ од 3.241.747,00 денари, ќе изнесува 2.705.060,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената

позиција, беа наменети за придонес за здравствено осигурување; позицијата 460330 Придонес за професионално заболување, ќе се намали за 45.450,00 денари и наместо досегашниот износ од 230.735,00 денари, ќе изнесува 185.285,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за професионално заболување. Групната ставка 414 Надоместоци на трошоци на работници и граѓани ќе се зголеми за 5.623.767,00 денари и наместо досегашниот износ од 252.000,00 денари истата ќе изнесува 5.875.767,00 денари; позицијата 414000 Надомест на трошоци за превоз до работа и од работа ќе изнесува 923.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за исплата на надоместок за патни трошоци за членовите на Советот кои живеат надвор од градот Скопје кога присуствуваат на седници на Советот; позицијата 414900 Други надоместоци, наместо досегашниот износ од 70.000,00 денари, ќе се зголеми за 550.000,00 денари и ќе изнесува 620.000,00 денари; позицијата 414901 Други надоместоци - членови на Совет на Агенција, ќе изнесува 4.150.767,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за исплата на месечен надомест за членовите на Советот пресметан со персонален данок за истите; неискористените средства од позициите на групната ставка 460 Вкалкулирани плати во износ од 1.517.946,00 денари ќе се пренаменат за градење на деловниот објект на Агенцијата; групната ставка 440 Средства за градежни објекти ќе се зголеми за 1.517.946,00 денари и наместо досегашниот износ од 125.000.000,00 денари истата ќе изнесува 126.517.946,00 денари; позицијата 440100 Изградба, реконструкција и адаптација на градежни објекти наместо досегашниот износ од 125.000.000,00 денари, ќе се зголеми за 1.517.946,00 денари и ќе изнесува 126.517.946,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за изградба на деловниот објект на Агенцијата.

Во врска со наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеји 4 и 10, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14), а согласно Заклучокот бр.02-3739/3 од 17.07.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 3-та седница одржана на 17.07.2014 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 02-3804/1

17.07. **2014 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- в.д. Директорот на Агенцијата;
- Раководителот на Стручната служба;
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.